**International Theatre Institute ITI**
**World Organization for the Performing Arts**

**Меѓународен ден на танцот – 29 април 2021**

**Автор на светската порака Фридеман ВОГЕЛ – балетски танчер од Германија**

„Се` започнува со движење – движењето е инстинкт кој сите го поседуваме – и танцот е движење, рафинирано и преработено движење, за да комуницира. Колку што беспрекорната техника е битна и импресивна, всушност ултимативно е сето тоа што танчерот го изразува преку битот и есенцијалното во движењата.

Како танчери, ние постојано сме во движење; ние тежнееме да ги создадеме овие незаборавни движечки моменти. Независно од танцовиот жанр, всушност тоа секој танчер копнее да го постигне – создавајќи движења. Затоа сега кога ненадејно веќе не ни е дозволено да настапуваме, денес кога театрите и фестивалите се затворени и откажани, нашите светови застанаа. Без физички контакт. Без настапи. Без публика.

Во поновата историја, поточно долги денеции се нема случено - танцовата заедница да биде пред ваков предизвик на застој, колективно предизвикана да не настапува но да остане мотивирана, за да ја пронајде и да се држи цврсто до својата *raison d'être.*

И вистина е, кога ќе ни одземат нешто толку многу драгоцено, нешто што навистина длабоко го цениме, прашање е колку е витално тоа што го правиме, и колку танцот му значи и му е потребен на целото глобално општество. Танчерите обично се слават поради нивната физичка посебност, а всушност многу повеќе се одржуваме поради нашата ментална сила. Верувам дека станува збор за уникатна комбинација помеѓу физичката и психолошката агилност, која ќе ни помогне да ја надминеме кризата, и повторно да се оствариме себеси, за да продолжиме да танцуваме, и да продолжиме да инспирираме.

Превод на македонски јазик д-р Иванка Апостолова Баскар